PRESS RELEASE

PR22/124

# Одборот на Извршни директори на ММФ доби барање за аранжман за линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line) со Република Северна Македонија

**FOR IMMEDIATE RELEASE**

**Вашингтон, 20 април 2022 г.** - Одборот на Извршни директори на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) се состана на 15 април на неформални разговори околу барањето на властите на Република Северна Македонија за двегодишна линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line -PLL) со ММФ[1]. Оваа кредитна линија, достапна за земјите-членки со здрави економски основи, рамка на политики и политики, може да помогне во заштитата на економиите од надворешни шокови преку претходно обезбеден пристап до ресурсите на ММФ.

Мисија на ММФ сега ќе ја посети Република Северна Македонија за да разговара со властите во врска со нивното барање. Имајќи ги во предвид здравите економски основи и рамки на политики на Република Северна Македонија, како и докажаната практика за имплементација на здрави политики, и во очекување на договор на ниво на мисијата на ММФ со властите во врска со политиките, генералната директорка на ММФ Кристалина Георгиева има намера да препорача одобрување на PLL аранжман од страна на Одборот на Извршни директори на ММФ. Се очекува Одборот на Извршни директори на ММФ да се состане во следните месеци за официјално да го разгледа ова барање. ММФ останува подготвен да продолжи да ја поддржува Република Северна Македонија во овие исклучителни времиња.

Повеќе информации во врска со линија за претпазливост и ликвидност (Precautionary and Liquidity Line -PLL) на ММФ се достапни на следниов линк IMF Precautionary and Liquidity Line (PLL)

---

[1] За време на неформална седница, членови од мисија на ММФ разговараат со членови од Одборот на Извршни директори околу прашања поврзани со одредена земја, при што не се очекува формална одлука на одборот.

700 19th Street NW
Washington, DC 20431
USA